ОПШТИНА ДОЛНЕНИ
KOMUNA DOLLNEN

Бр./Nr. 08-1938/1
13.11.2014 год./vit.

Врз основа на член 46 - г од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на Општина Долнени бр08/05), а во врска со Одлуката за формирање на Локален младински совет на Општина Долнени ("Службен гласник на Општина Долнени бр.11/14), Градоначалникот на Општина Долнени објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

1. Се започнува постапка за избор на членови на Локалниот младински совет на Општина Долнени.

Локалниот младински совет на Општина Долнени е советодавно тело на Советот на Општина Долнени, основан заради подобрување на положбата и решавање на проблемите на младите на подрачјето на Општина Долнени.

Во Локалниот младински совет на Општина Долнени можат да бидат бирани млади со постојано место на живеење на подрачјето на Општина Долнени, со возраст од 15 до 30 години.

2. Локалниот младински совет на Општина Долнени брои 5 члена.

Локалниот младински совет на Општина Долнени од своите редови избира претседател и заменик претседател.

Членовите на Локалниот младински совет на Општина Долнени се бираат со мандат од четири години.

3. Право на предлагање на кандидати за членови во Локалниот младински совет имаат: Невладини организации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

4. При предлагањето на кандидатите се поднесуваат следните обрасци кои се во прилог на овој јавен повик, и тоа :

Образец СМ-1 - (Предлог кандидат за член на Локален младински совет на Општина Долнени)

Образец СМ-2 - (Согласност за прифаќање на кандидатурата за член)

Образец СМ-3 - (Согласност дека кандидатот за член на советот е предложен согласно актите на институцијата).

Документите мора да бидат потпишани и заверени од страна на овластено лице на институцијата која го предлага членот.

5. Кандидатот е должен покрај наведените документи во точка 4 да приложи и:

- Документација од која е видливо дека кандидатот ги исполнуваат условите од точка 1 од овој јавен повик (Извод од матична книга на родените не постар од 6 месеци или фотокопија од лична карта),
- Кратка биографија, и
- Фотокопија од регистрација на здружението.

Ненавремено доставените документи и нецелосната документација нема да се разгледуваат.

6. Рокот за поднесување на предлози за кандидат за членови на Локален младински совет на Општина Долнени е 5 (пет) работни дена вклучително со денот на објавувањето на овој јавен повик на web страната на Општина Долнени.

Потребните обрасци од точка 4 кои се прилог на потребната документација можат да се подигнат во писарницата на Општина Долнени или да се превземат во електронска форма на web страната на Општина Долнени .

Предлозите за кандидати за членови на Локален младински совет на Општина Долнени се доставуваат лично во писарницата на општината, во "затворено плико А4 формат", со назнака "Предлог кандидат за избор на членови на Локален младински совет на Општина Долнени", на следната адреса: Општина Долнени во Долнени.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА Долнени,
Др. Боше Милошески